РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 01-1117/1
07.12. 2022 год.
Валандово

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19, бр.14/20 и бр.215/21), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 36 став (1) алинеја 7 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-608/3 од 10.07.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-994/1 од 30.12.2020 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-474/1 од 26.05.2021 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Валандово, број 01-700/1 од 20.07.2022 година

### Член 2

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка 1 **„Одделение за правни и општи работи, јавни дејности и човечки ресурси"**, работното место со реден број 11. Назив на работно место - Референт за одржување и контрола на состојбата на јавното осветлување во општината, се брише.

### Член 3

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ВАЛАНДОВО, во точка 4 **„Одделение за инспекциски надзор - инспекторат"**, по работно место со реден број 32. Назив на работно место – Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци, со шифра ИНС 01 01 В01 000, се додава ново работно место, со реден број 32-а , кое гласи:

| Одделение за инспекциски надзор - инспекторат | |
|---|---|
| Реден број | 32-а |
| Шифра | ИНС 01 01 В01 001 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник инспектор |
| Назив на работно место | Советник Овластен инспектор за животна средина |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделението – виш инспектор |
| Вид на образование | Природни науки, Науки за земјата и сродни науки за животната средина, Други природни науки (географија) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и навремено вршење на најсложени работи и работни задачи кои се однесуваат на вршење надзор и контрола на примената на законските прописи и актите за заштита на животната средина и надзор и контрола на вршителите на дејност. |
| Работни задачи и обврски | -самостојно извршува најсложени работи и задачи што се вршат во одделението со повремени упатства и надзор од раководителот на одделението;<br><br>-континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, заштитата на животната средина, управувањето со отпадот, квалитетот на амбиенталниот воздух и дава стручни појаснувања и мислења за нивна примена;<br><br>- врши увид на терен, изготвува записници за констатираните состојби и наоди и изрекува со закон пропишани мерки;<br><br>- води управна постапка во прв степен, донесува решенија и одговара на жалби во второстепена постапка;<br><br>- поднесува барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;<br><br>- врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br><br>- изготвува анализи, информации и други материјали;<br><br>- изготвува стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на општината. |

Член 4

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Валандово.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Архивски број: 01-1117/1
Датум: 07.12.2022
Валандово

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов